**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-3386/2
09.07.2025 година
Велес

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-3386/1 од 24.06.2025 година, поднесено о[redacted]го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-3386/1 од 24.06.2025 година, поднесено од[redacted] со кое се бара информација од јавен карактер:

1.За учебната 2023/2024 година, да ни доставите податоци за тоа:
-Колку средства секое основно и средно училиште на територијата на Општина Велес има вратено од сопствениот буџет назад кон буџетот на оошпштината?
2.Колку клима уреди се доделени/набавени од страна на општината за секое основно и средно училиште поединечно?

и истата да се достави на барателот по е-маил, **СЕ УСВОЈУВА.**

## Образложение

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по горенаведеното барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19), констатираа дека бараната информација е информација од јавен карактер и истата му ја доставува на барателот:

1.За учебната 2023/2024 година ООУ„Блаже Конески“ Велес во декември 2024година вратило 1 336 418 денари на буџетот на Општина Велес.
2.Според договорот ООУ„Блаже Конески“ Велес има набавено и поставено 38 клима уреди.

1.Во фискалната 2024 година ООУ „Васил Главинов“ има останати вкупно 2.190.377,00 денари, средства по разни основи што се неискористени и вратени на сметка на Општина Велес.
2. Доделени се вкупно 10 клима уреди кои се набавени и монтирани.

1.ООУ ,,Панко Брашнаров" - Велес, од сопствениот буџет има вратено 2.278.486 денари назад кон буџетот на Општина Велес.
2.Во училиштето има 8 клими од општината.

1.ООУ„Св.Кирил и Методиј“Велес во учебната 2024/2025 година во училиштето се набавени вкупно 26 клима уреди.
2.Средства кои се вратени од сопствениот буџет во буџетот на Општина Велес се во вкупен износ од 982.975,00 денари заклучно со 24.12.2024 година.

1.ООУ Стојан Бурчевски Буридан село .Иванковци на крајот на тековната 2024 година имаше остаток од вкупно 149 832 денари и се вратени назад кон буџетот на општината.Поголемиот дел од овие средства неможевме да ги реализираме поради што планот за 12 месец ни беше одобрен еден ден пред да се затвори трезорот.
2.Во ООУ Стојан Бурчевски Буридан од страна на општина Велес се доделени 6 клима уреди кои се инсталирани во П.У. во Сујаклари.

1.Во учебната 2023/2024 година ООУ„Рајко Жинзифов“ има вратено 921.099 денари кон буџетот на Општина Велес.
2.Клима уред ООУ„Рајко Жинзифов“ нема добиено од општината.

1. ООУ Лирија – Бузалково на крајот на календарската година во буџетот на Општина Велес врати 1,668,401.00 денари
2. Училиштето нема добиено клима уреди од општината.

1.ООМУ„Стефан Гајдов“ за изминатата 2024 година има вратено 1.081.478,00 денари од буџетот.
2.Училиштето има набавено 3 клима уреди.

1.Заклучно со 31.12.2024 година ОСУ „Јовче Тесличков" Велес вратило 6.704.494 денари (од кои 6.000.000 денари за градежни работи);
2.Училиштето нема добиено клима уреди од страна на Општина Велес.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

1.ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес нема вратено средства од сопствениот буџет назад кон буџетот на Општина Велес.
2.Училиштето нема клима уреди доделени од страна на Општината.

1.СОУ Гимназија „Кочо Рацин“, за учебната 2023/2024 година нема вратено финансиски средства од сопствениот буџет назад кон буџетот на Општина Велес.
2. Во истиот период не се доделени или набавени клима уреди од страна на Општината за нашето училиште.

Согласно горенаведеното, имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до:
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*